СТАТУТ

на

Конвивиумот „СЛОУ ФУД XXXXXX“, XXXXX (име конвивиум и седиште)

ПРЕАМБУЛА

Организацијата „Слоу Фуд“ е присутна во Република Северна Македонија од 2008 година со основањето на првиот конвивиум. Во 2012 година, се основа како мрежа на конвивиуми, координирана на национално ниво.
Самостојно дејствува и работи како национална мрежа, раководена од Националната организација „Слоу Фуд Македонија“ од нејзиното основање на првиот конгрес одржан на 14 април 2018 година.
Денес националната мрежа ја сочинуваат националната организација и локалните здруженија на членови на Слоу Фуд, наречени конвивиуми и „Слоу Фуд Млади Македонија“.

Конвивиумот „Слоу Фуд xxxxxxx“, xxxxxxx е формиран на дд/мм/гггг година.
Конвивиумотво своето делување се раководи во согласност со Статутот на меѓународната организација „Слоу Фуд“ и Статутот на Националната организација „Слоу Фуд Македонија“ и ги почитува основните принципи на организацијата.

Слоу Фуд се залага за добра, чиста и правична храна за сите:

ДОБРА– значи вкусна храна способна да ги стимулира и задоволи сетилата на консументот и дава задоволство додека се јаде.

ЧИСТА- значи здрава храна, произведена во хармонија со природата, каде производителот ја почитува животната средина, благосостојбата на животните и човековото здравје.

ПРАВИЧНА- Слоу Фуд верува дека храната е универзално право на секој.

Визија на „Слоу Фуд Македонија:
Одржлива храна базирана на зачувувањето на биодиверзитетот и традицијата.

Мисија на Слоу Фуд Македонија:
Преку едукација кампањи и промоција, градиме гастрономска култура инспирирана од традицијата, разновидните земјоделски производи од локалните производители и знаењето на новите генерации за одржлив развој.

Врз основа на член 5, 6, 18 и 104 од Законот за здруженија на граѓани и фондации (Службен весник на Р. Македонија бр. 52/10) Собранието на Конвивиум „Слоу Фуд ххххх“, хххх на седницата одржана на ден дд/мм/гггг година го донесе следниот:

СТАТУТ

на

Конвивиумот „СЛОУ ФУД ххххх“, хххххх [име конвивиум, седиште]

ГЛАВА I
ДЕФИНИЦИЈА И ЦЕЛ

Член. 1
Општи одредби

Конвивиум „Слоу Фуд ххххх“, ххххх (во понатамошниот текст конвивиумот) е непрофитно, демократско, неполитичко, здружение на граѓани, воспоставено на доброволна основа од страна на членови на Слоу Фуд. Конвивиумот делува во согласност со принципите на „добра, чиста и правична храна“ во одбрана на основните човекови права, заштита на животната средина и јавните добра со нагласок на централната улога на храната, како суштински елемент на правичниот и одржлив развој. На тој начин овозможувајќи му на секого задоволство од храната која е добра за него, за оние кои ја произведуваат и за планетата Земја. .

Конвивиумот е основан како здружение на граѓани, во согласност со Статутот на Националната организација „Слоу Фуд Македонија“и Статутот на меѓународната организација „Слоу Фуд“, во кое на локално организациско ниво, членовите на Слоу Фуд делуваат и реализираат активности.

Член. 2
Назив и седиште

Името на здружението гласи: **Конвивиум „Слоу Фуд ххххх“, хххх**
а со истото значење може да се користат и кратенките: Слоу Фуд хххх или
меѓународниот назив: Slow Food ххххх.
Конвивиумот е со седиште во ххххх (градот) ххххх (адреса)
Конвивиумот е на неопределено време.

Член 3.
Ознаки

Конвивиум „Слоу Фуд ххххх“,ххххх има свој печат и штембил.
Печатот го содржи логото на конвивиумоти го има следниот текст на македонски јазик:
Конвивиум „Слоу Фуд хххххх“, хххххх (седиште)

Штембилот има правоаголна форма и го содржи следниот текст: Конвивиум „Слоу Фуд хххх“ (седиште), празно место за внесување на архивски број, датум и седиште.

НАПОМЕНА

Во средните во кои се регистра конвивиум, во кои најмалку 20% од вкупниот број жители утврден на последниот извршен попис на населението се припадници на одредена заедница) на членот 3 се додаваа 2 (два) нови става кои гласат:

Натписот на штембилот на конвивиумот „Слоу Фуд_____“, _____ покрај на македонски јазик и негово кирилско писмо се пишува и на јазикот на припадниците на таа заедница и нивното писмо.

Натписот на тркалезниот печат на конвивиумот„Слоу Фуд_____“, _____ покрај на македонски јазик и негово кирилско писмо се пишува и на јазикот на припадниците на таа заедница и нивното писмо.

Член 4.

Делување и цели

Конвивиумот во согласност со статутите на меѓународната и националната организација и правилниците кои произлегуваат од нив, има ограничена територија на членување и делување, дефинирана во „Протоколот за конвивиум“. Конвивиумот има за цел да се овозможи секој да го ужива правото на пристап и задоволство од храна, без разлика на пол, етничка припадност, јазик, религија, политичко мислење и социјална положба. Слоу Фуд го промовира и брани суверенитетот во сите негови форми, ја унапредува заштитата на биодиверзитетот и почитување на: трудот на производителите, животната средина и здравјето на консументите.

За да се постигнат овие цели, Конвивиумот, делува во однос на:

- промовирање на филозофијата на Слоу Фуд и конвивиумот со цел да придобијат нови членови и поддржувачи;
- развој на присуството и организирање на локалната мрежа на конвивиумот;
- развој на мрежите на Тера Мадре Македонија, Слоу Фуд Млади Македонија и заедниците на храна во регионот на делување;
- развивање и промоција на проекти за заштита на биодиверзитетот;
- активности за подобрување на локалната економија и развој на модели на производство на храна ипромоција на заеднички групиза купување и поддршка на заедницата;
- развој и унапредување на едукацијата за храната и проектите од таа област;
- развој и спроведување на националните програми и кампањи на Слоу Фуд Македонија и меѓународната Слоу Фуд на територијата на делување;
- промовирање на иницијативи и проекти со цел намалување на отпадот;
- да се промовира практики за заштита на благосостојбата на животните;

- да се воспостави односи и соработка со владини агенции, плански развоен регион, општина, други здруженија, асоцијации на производители, да се придонесе за развој и промоција на земјоделството ипроизводство на храна;
- соработува со други здруженија или организации за заштита на животната средина и почитување на природата, неопходен услов за зачувување на нашите гастрономски традиции и наследство иза заштита и промоција на различни форми на популарната култура и локалната историја;
- работи за заштита на животната средина, пејсажите, почвата и земјиштето; климатските промени, истакнувајќи врската помеѓу производството и потрошувачката храна и трошоците за животната средина.
- воспоставување на соработка со стручни лица од областите на земјоделството, гастрономијата, екологијата, социјалните и економските науки, психологијата и педагогијата, културата и уметноста, со цел обезбедување на поддршка на локалните и националните иницијативи;
- одржува врски и промовира иницијативи со други конвивиуми во Македонија и светот;
- подготвува проектни апликации и управува со проектни циклуси;
- развива активности за самофинансирање за поддршка на проектите наконвивиумот, националната и меѓународната организација;

Член. 5

Активности

За да се постигнат целите, Конвивиумот реализира најразлични активности, како:

- утврдување на седиште на конвивиумот со цел да се одговори на потребите на членовите и да претставуваместо за средба, размена и обука;
- обезбедување на сервис за регистрација и давање на услуги на членовите;
- промовирање на гастрономски и културни иницијативи од било кој вид во полза на членовите;
- промовирање и поддршка на иницијативи со цел да се зачува и да се зајакне идентитетот, културната историја на областа во која се врзува специфично производство, особено прекузачувување на биолошката разновидност;
- обезбедуватренинзи за јакнење на капацитетите на членовите за активности на Слоу Фуд;
- организираат настани, изложби, конференции, состаноци, трибини, семинари,за постигнување на целите, со вклучување во активностите на членовите, производители, готвачи, експерти, активисти или други лица;
- организира собирање средства за реализација на програмскитеактивности и тренинзи на членовите;
- поттикне создавање на групи на соработници за проучување и продлабочување на интересите на членовите;
- промовира иницијативи насочени кон скратување на синџирот од производител-потрошувач;

- склучува договори со јавни и приватни институции за реализација на курсеви и семинари,обезбедување на услуги во рамките на своите цели;
- организираат колективно купување и дистрибуција на стоки, исклучиво за членовите, со почитување на етичките кодекси, солидарноста на членовите и одржливоста на животната средина и практична реализација на целите на конвивиумот.

Конвивиумот ги извршува своите активности во согласност со целите на Слоу Фуд, во согласност со принципите поставени во Статутите на националната и меѓународната организација на „Слоу Фуд“ и стратешките планови и годишните програми.

ГЛАВА II
ЧЛЕНОВИ И ОРГАНИЗАЦИЈА

Член. 6
Членство во Слоу Фуд

Конвивиумот, визијата, мисија и филозофијата на Слоу Фуд ги остварува преку поставени цели и доброволни активности на своите членови, при што е отворен за предлози и иницијативи на своите членови.
Конвивиумот исто така може да ангажира вработени, соработници и волонтери на одредени проекти или активности, кои ги реализираат заедно со членовите на конвивиумот. Одлуката за нивно ангажирање ја донесува Управниот одбор на конвивиумот.

Членови на конвивиумот може да бидат сите лица кои доброволно пристапуваат во членство и ја прифаќаат филозофијата на организацијата за добра, чистаи правична храна, членовите на овој Статут и сите негови прилози.
Членот на конвивиумот станува автоматски член на националната и меѓународната организација „Слоу Фуд“.

Бројот на членовите е неограничен и сите членови кои наполниле 16 години имаат право на активно учество во конвивиумот и право на глас на Собранието на членови, во согласност со принципот, еден член, еден глас.
Членството се обновува на годишно ниво, а во одредени случаеви, може да се прекине, со исклучување, заради прекршување на статутот на конвивиумот и правилникот за членство.
Членаринатa е непреносливa и не може да се пренесе на друго лице.
Членаринатa е регулирана во согласност со „Правилник за членство во Слоу Фуд“ кој го донесува Националниот совет на „Слоу Фуд Македонија“.

Член. 7
Права и обврски на членовите на Слоу Фуд

Членовите на Слоу Фуд ги имаат следните права:

- активно да се вклучат со свои идеи и превземање на задачи во реализацијата на активностите на конвивиумот;

- со уплатената членарина придонесуваат во реализацијата на програмските определби на Слоу Фуд на локално, национално и меѓународно ниво, да бидат информирани за начинот на трошење на средствата собрани од членаринатa;
- да учествуваат на Собранието на членови и да придонесат за креирање на програмата и активностите на конвивиумот во делувањето за подобра храна утре и во градењето на локалната заедница;
- да избираат и да бидат избрани на некоја функција во конвивиумот или делегат на Националниот конгрес.

Членовите ги имаат следните обврски:

- да ги почитуваат и промовираат основните принципи на филозофијата на Слоу Фуд и визијата и мисијата на мрежата;
- да ја унапредуваат и активно да учествуваат во работата на конвивиумот;
- да го прифатат и почитуваат Статутот;
- да го почитуваат и заштитуваат името и логото на Слоу Фуд;
- да плаќаат годишна членарина.

Придобивки од членството:

- редовно информирање за сите активности на конвивиумот, националната и меѓународната мрежа на Слоу Фуд;
- можност за да учествуваат на локални, национални и меѓународни настани по поволности наменети за членовите;
- да користат различни придобивки како член овозможени од Слоу Фуд и Слоу Фуд Македонија.

Престанок на членството:

- неплаќање на членарина во една последователна година;
- поднесување на писмена изјава за истапување;
- исклучување од страна на Националниот одбор на националната организација или Управниот одбор на конвивиумот, во случај активностите на членот се јасно спротивно на овој Статут.

Постапка за затворање на Конвивиумот не вклучува губење на статус на член на Слоу Фуд.

Член. 8

Органи на конвивиумот

Органи за раководење и контрола на конвивиумот се:

а) Собрание на членови;

б) Управен одбор;

в) Лидер на конвивиумот.

Член. 9

Собрание на членови

Собранието е орган за креирање политики и програми на конвивиумот и ги определува насоките за делување. Собранието го сочинуваат сите членови на конвивиумот кои платиле членарина за тековната година.

Собранието е одговорно за:

- законитото работење на конвивиумот и во согласност со статутите и правилниците за работа на конвивиумот, националната и меѓународната организација Слоу Фуд;
- донесување на Статут на конвивиумот;
- предлага измени и дополнувања на Статутот на конвивиумот до Националниот совет;
- назначува и разрешување на членови на Управниот одбор на конвивиумот;
- избира и разрешува лидер на конвивиумот;
- избира делегати кои присуствуваа на националниот конгрес;
- одобрува Годишна програма, извештај со актовности и финансиски извештај;
- Носи одлука за престанок со работа.

Собранието се свикува најмалку еднаш годишно, најкасно до 31 март во тековната година, на предлог и покана наУправниот одбор на конививумот испратена во писмена или електронска форма, со најава од најмалку 7 (седум) дена, со вклучен дневен ред, место, датум и времена состанокот.
Собранието може да се свика и во вонредна форма, со образложено барање од најмалку една половина од членовите за конвивиуми кои имаат до 20 (дваесет) члена или една третина за конвивиуми кои имаат повеќе од 20 (дваесет) члена.
Собрание може да биде свикано и од страна на Националниот одбор.
Собранието може да се одржи во седиштето на конвивиумот.

Собранието е валидно, без оглед на бројот на присутните членови и во одлучувањето учествуваатмнозинство од присутните членови.
Сите членови исто така имаат право да гласаат по принципот на гласањееден член, еден глас. Гласањето ќе биде јавно или тајното гласање по барање на мнозинството од членови на Собранието.

Записникот од Собранието, лидерот на конвивиумот има обврска да го достави во Националниот одбор, во рок од 14 (четиринаесет) дена од неговото одржување.

Член. 10

Управен одбор

Управниот одбор (УО) на конвивиумот е раководен и оперативен орган на конвивиумоти извршен орган на Собранието на конвивиумот.
Секој член на УО има еднакви права, обврски и отчетност за работењето и развојот на конвивиумот во согласност со Статутот.

Членовите на УО ги бира Собранието на конвивиумот, пред кое одговараат за својата работа.
УО се состои од пет или седум члена (зависно големината на конвивиумот и колку тој ќе одлучи) во кои е вклучен и лидерот на конвивиумот.
Мандатот им е четири години и има можност за реизбор.
Меѓу членовите се распределуваат (доделуваат) постојани задолженија и улоги (задачи и одговорности) на секој од членовите, како: заменик-лидер на конвивиумот, секретар, благајник, програмски координатор и сл.

Управиниот одбор ги извршува следните задачи:

- ги спроведува статутарните и другите одлуки на Собранието на конвивиумот;
- подготвува и реализира годишна програма за работа;
- подготвува финансиски план и завршна сметка;
- донесува извршни одлуки за проекти кои не се опфатени со годишната програма за работа;
- организира и активно учествува во организирањето на различни активности и манифестации;
- донесува одлуки за тековно работење, награди, пофалници, признанија, почесни членови и исклучување на членови;
- донесува одлуки за формирање постојани и повремени работни тела и ја насочува нивната работа;
- управува и одговара за имотот на конвивиумот;
- донесува одлуки за набавка и отуѓување на основни средства за работа, печатење стручна литература и за други потреби;
- изнаоѓа финансиски и материјални средства;
- го следи користењето на логото на Слоу Фуд логото на својата територија и веднаш го известува Националниот одбор во случај на неправилна употреба;
- се идентификуваат замена за оставка на член на УО да предложи во одобрување од страна на Собранието на членови;
- ги уредува односите со владини и локални институции, медиуми и продукциски компании во области на надлежност;
- организира активности за членовите во областа на надлежност, овозможува придобивки за членовите и го промовира членувањето во конвивиумот;
- да се грижи за правилната евиденција, чување и заштита на личните податоци на членовите на конвивиумот;
- именува почесни членови и може да исклучи членови на Конвивиум, на предлог на Националниот одбор,
- ги координираат своите активности според насоките и регулативите издадени од страна на Националниот одбор;
- предлага измени и дополнувања на Статутот на конвивиумот до Националниот совет;
- врши други работи утврдени со статутот, доверени од страна на Собранието или со други прописи му се ставени во негова надлежност

Управниот одборго свикува лидерот или по барање на 1/3 (една третина) од неговите членови, испратено во писмена или електронска форма, со најава од најмалку 3 (три) дена и со деталите на дневниот ред; во случаи наоправдана итност, известувањето може да биде од 1 (еден) ден.
Доколку е неопходно, и нема можност да се присуствува некој од членовите, на состанокот може да се вклучи член преку видео-конференција или телефон, или со други комуникациски средства под услов да се овозможи интервенција во дискусија и размислување на сите членови. УО се состанува и одржува седници по потреба.
На состанокот на УО преседава лидерот или во негово отсуство, заменик-лидерот или друг член, во договор меѓу членовите на УО.

УО може полноважно да одлучува доколку на состанокот присуствува најмалку 1/2 (една половина) од членовите на УО.
Присуството и заклучоците од состанокот на УО се евидентираат во записник.

Во случај на испразнување на местото член на УО, се вклучува нов активен член на конвивиумот, на предлог на група на членови на конвивиумот, се до верификувањето на неговиот мандат на Собранието на конвивиумот или избор на нов член, чиј мандат трае до истекот на УО во кој членува.

Во работата на УО, за време на неговите состаноци може да учествуваат и други членови на конвивиумот, претставник од Националниот одбор и секциите и телата националната организација, без право на одлучување.

Член 12

Лидер на конвивиумот

Лидер на конвивиум е застапник на конвивиумот и го претставува и застапува конвивиумот во правниот промет и има права и должности на финансиски налогодавец.
Лидерот се избра од страна на Собранието на членови од редот на своите членовите со просто мнозинство од присутните членови на Собранието.
Изборот на лидерот мора да биде ратификувано од страна на НО,на начин што конвивиумот до него го доставува Записникот од Собранието заедно со потпишан „Протокол за конвивиум“.
Лидерот на конвивиумот се внесува како член на Националниот совет.
Неговиот мандат трае 4 години, со можност за реизбор.

Неговите задачи се:

- го претставуваи застапува конвивиумот пред трети лица;
- свикува и преседава со седниците на Управниот одбор;
- ги спроведува одлуките на Собранието и Управниот одбор;
- ги потпишува актите и одлуките што ги донесува Собранието и Управниот одбор и другите документи од работењето на конвивиумот;

- ја координира работата на постојаните и повремените работни тела на конвивиумот;
- наредбодател е и потписник на сметката на конвивиумот;
- врши и други работи што ќе му ги довери Собранието и Управниот одбор во согласност со Статутот и другите општи акти;
- член е на Националниот совет на националната организација и активно учествува во неговата работа;
- учествува со еден или повеќе делегати на Конгресот на националната организација.

Во случај на оставка или други случаеви на попреченост лидерот да ја обавува функцијата, се назначува некој од неговите заменици или било кој член на УО да ја врши функцијата, до следното собрание, кога се верификува неговиот мандат или се избира нов лидер.

ГЛАВА III
ЛОГО НА СЛОУ ФУД

Член. 13
Користење на име и лого на Слоу Фуд

Конвивиумот го користи логотои трговската марка на „Slow Food“ со додавка на името на конививумот, во согласност со Статутот на Националната организација, како и утврдените принципи и правила во „Правилник за користење на лого на Слоу Фуд“ како и „Протоколот за конвивиум“. Постапувањето спротивно на овие принципи и правила, предвидува забрана за користење на името и логото на Слоу Фуд, престанок со работа, како и други мерки согласно со одредбите на Статутот на Националната организација, Статутот на конвивиумот, како и посебниот акт за утврдување на одговорноста на конвивиумот и неговиот лидер.

ГЛАВА IV
ФИНАНСИРАЊЕ

Член. 14
Финансирање

Конвивиумот, во своето работење располага и управува со финансиски и материјали средства за остварување на својот институционален развој и реализацијата на програмските активности. Како дел од правата и обврските пренесени на локално ниво од страна националната организација има финансиска автономија.

Средствата со кои располага конвивиум се состојат од:

- движен и недвижен имот;
- материјални средства за работа;
- финансиски средства од членарина на членовите или донации од други лица или субјекти;
- средства од грантови за реализација на проекти;

- сите други приходи.

Приходите на конвивиумот, може да бидат од:

- членарина;
- приватни донации и спонзорства;
- грантови од организации и јавни институции, со цел исклучиво на поддршка на конкретни и документирани активности и проекти;
- учество во партнерства и проекти со други организации;
- приходи од активностите кои ги врши конвивиумот како комерцијални услуги на членовите или на трети страни, а кои не во насока на остварување на целите на конвивиумот;

Донираните средства преку локални кампањи и настани, остварениот профит и оперативните вишоци, конвивиумот самостојно, со одлука за распределба на УОги користи за реализација на своите цели во согласност со законите.

Конвивиумот учествува во развојот на националната организација, со уплата на членарината од своите членови и и дава право да располага со неа да ја распределува во согласност со плановите на национално ниво и програмата на конвивиумот;
Доделените средства на конвивиумот од страна на националната организација, се распоредуваат од страна на УО во согласност со донесената годишна програма која ги опфаќа програмските активности и институционалниот развој на конвивиумот.

Член. 15

Финансиско работење

Финансиското работење мора да биде планирано и раководено од страна на УО, со уредно водење на сметководствената документација и примена на стандардизиран модел на административно работење и во согласност со насоките на националната организација.
Почеток и крај на финансиската година во работењето на конвивиумот се поставени на 1 јануари и 31 декември секоја година.
Два месеци пред крајот на секоја финансиска година мора да биде подготвен првичен План со годишна програма и потребен буџет за наредната година од страна на УО, кој потоа го доставува до Националниот одбор на разгледување и вклопување во Националната програма и календар со активности. Така ќе се овозможи проценка на оперативните трошоци и прогноза за трендот на конвивиумот.
УО има обврска да подготви финасиски извештај, поткрепен со извештај со активности и истиот да се достави до Собранието на членови на усвојување од страна на членовите најдоцна до 31 март наредната година.
Лидерот на конвивиумот го испраќа одобрениот финансиски извештај на Националниот одбор во рок од 14 дена од неговото одобрување на Собранието на членови.
Сите документи и извештаи се архивираат во седиштето на конвивиумот.

ГЛАВА V
ОДГОВОРНОСТ

Член. 16
Одговорност во работењето

Во мрежата на „Слоу Фуд Македонија“ воспоставени се серија на правилници со кои се уредуваат задачите, правата и одговорностите на сите органи и нивите меѓусебни односи во работењето. Почитувањето на овие правилници е должност на секој член и орган на мрежата на Слоу Фуд. Во случај на констатирани повреди, кои го нарушуваат угледот на организацијата како и интегритетот на целата мрежа, а особено во случаи на: употреба и заштита на логото и трговската марка, прием на спонзорства и донации спротивно на политиката на организацијата, користење на средства и ресурси за политички или лични цели и неправилна распределба на финансиски и материјални средства обезбедени од страна на донатори, спротивно на утврдените принципи и правила, се преземаат мерки меѓу кои и одземање на одредени пренесени надлежности од „Слоу Фуд Македонија“ и „Слоу Фуд“, ограничување на одредена финансиска поддршка, распуштање на Собранието на членови, ограничување на правото да го користи името и трговската марка и престанок со работа на конвивиумот како составен дел на мрежата на Слоу Фуд преку одземање на правото да го користи името и трговската марка на Слоу Фуд.

Членовите на органите на конвивиумот управуваат со средствата на организацијата и ги употребуваат за остварување на целите на организацијата и одговараат лично и неограничено за злоупотреба на средствата за постигнување на цели што за нив како поединци се забранети,конфликт на интереси, а членовите на органите кои гласале за донесување на одлуки солидарно одговараат за штетата предизвикана со грубо невнимание или со намера да се предизвика штета на трети лица или на организацијата.

Утврдувањето на одговорноста на конвивиумот и на членовите на раководните органи се уредува се посебен акт донесен од Националниот одбор на „Слоу Фуд Македонија“.

ГЛАВА VI
ПРЕСТАНОК СО РАБОТА

Член 17
Престанок со работа

Престанок со работа, распуштање, или укинување на конвивиумот се одвива во случај на:

- доколку конвивиумот повеќе од една година нема активни членови во регистарот на „Слоу Фуд“, престанува со работа, што го утврдува Националниот одбор на националната организација во координација со Меѓународниот одбор на директори;
- распуштање на конвивиумот, за што може да се одлучи Собранието, со мнозинство од 2/3 (дветретини) од вкупниот број на членови, доколку така одлучат;

- повлекување на „Протоколот за конвивиум“од страна на Националниот одбор, во случај на прекршување на одредени членови од Статутот на конвивиумот и потпишаниот „Протоколот на конвивиумот“;
- губење на правото на користење на името и логото на „Слоу Фуд“, од страна на Слоу Фуд и „Слоу Фуд Македонија“ при постапување спротивно на овој Статут, Статутот на Националната организација и „Правилник за користење на логоа на Слоу Фуд“.

Во било кој од овие случаи, престануваат сите овластувања на конвивиумот и неговите надлежности ги превзема Националниот одбор на „Слоу Фуд Македонија“. Собранието на конвивиумот нема право да донесува одлуки за промена на името и логото на конвивиумот. Промените во органите на управување во конвивиумот како правен субјект, статусните измени, запишување на престанок на конвивиумот во Централниот регистар на Република Северна Македонија, во случаи предвидени во овој член, ги врши единствено овластеното лице за застапување на Националната организација - претседателот на Национален одбор.

Националниот одбор донесува одлука за наследството, членството и распредбата на имотот на конвивиумот.

ГЛАВА VII
ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 18

Статутот на конвивиумот го донесува Собранието на членови со 2/3 (двотретинско) мнозинство од присутните членови на Собранието.

Предлозите за измени и дополнувања можат да ги предложат органите на конвивиумот на усвојување пред Националниот совет, кој ги разгледува и носи одлука. После усвојувањето на измените или дополнувањата од страна на Националниот совет, Собранието на членовите на конвиивумот, го усвојува изменетиот Статут, по иста постапка како и при негово донесување.

Член 19

Толкување на одредбите на овој Статут врши Националниот совет на „Слоу Фуд Македонија“, каде конвивиумот е претставуван од Лидерот на конвивиумот.

Член 20

Овој Статут влегува во сила со денот на неговото донесување.

Име и презиме

Место и датум: Лидер на конвивиум

„Слоу Фуд XXXXX“

дд.мм гггг година

_____

Slow Food®
Macedonia

Овој Статут е донесен на седницата на Националниот совет на Слоу Фуд Македонија одржана на ден 30.06.2019 година.

Издание: **02**
Датум: **30.06 2019**